Друштво за промет и услуги
ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Примено: 04.07.2018
Орг. Един. 05 | Број: 755 | Прилог: | Вредност:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-935/8
16.07.2018 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

**Склучен помеѓу:**

1. *Општина Кочани*, со седиште на ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган, (во понатамошниот текст: **Договорен орган)** и

2. *Друштво за промет и услуги Порше Македонија ДООЕЛ Скопје*, со седиште на бул. „Босна и Херцеговина" бр.4 Скопје, ДБ: 4030005561966 и ЕМБС: 6025668, жиро с-ка 380107064201160, депонент на ПроКредит банка, застапувано од управителите Златко Муцунски и Кристоф Ерлмосер (во понатамошниот текст: **Носител на набавката**).

**<u>Предмет на Договорот</u>**

**Член 1**

Предмет на овој договор е вршење на услуги кои опфаќаат:

**ДЕЛ 2. Поправка и сервисирање (одржување) од овластен сервисер за лесно патничко возило од марката: Volkswagen Passat од 2015 година, и набавка на нови делови, дополнителна опрема, гуми и други стоки за возилото.**

од предмет за јавна набавка на услуги и тоа:

**Поправка и сервисирање (одржување) на возилата на Општина Кочани и набавка на нови делови, дополнителна опрема, гуми и други стоки согласно техничката спецификација**- делива набавка

Предметот на набавка детално е опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-935/3 од 01.06.2018 год., за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас бр.05-935/4/2018 на ЕСЈН, постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-Аукција на ЕСЈН, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05-935/2 од 23.05.2018 год.

**<u>Вредност на Договорот</u>**

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-935/2 од 23.05.2018 год. вкупната договорена вредност што може да се плати за вршење на услугите опишани во техничката спецификација за ДЕЛ 2 Поправка и сервисирање (одржување) од овластен сервисер за лесно патничко возило од марката: Volkswagen Passat од 2015 година, и набавка на нови делови, дополнителна опрема, гуми и други стоки за возилото, односно обезбедените средства за реализација на овој договор за конкретниот предмет на набавка **се во висина од 84.745,76 денари без ДДВ (18%), односно 100.000,00 денари со вклучен ДДВ 18 %.**

Единечните цени за секој дел на предметот на набавка, се преземени и утврдени од првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН ( во смисла на т. 18.5 од тендерската

документација ) а во согласност со извештајот од поднесување конечна цена од ден 20.06.2018 год. генериран на ЕСЈН и истите се прилог на овој договор.

Не се предвидува корекција на цените, цените искажани во понудата прилог на овој Договор ќе бидат фиксни за цело времетраење на договорот за јавна набавка, освен нивно евентуално намалување со заедничка согласност на договорните страни или понуден евентуален попуст/рабат на носителот на набавката.

**Извор на средствата за реализација на договорот**

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-935/2 од 23.05.2018 год. се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани за 2018 год., Програма Е00 ставка 424.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши во рок до 30 дена, сметано од денот на доставување на **фактура и доказ** (работен налог/потврда или извештај) за стварно извршени услуги кои опфаќаат цена за работна рака за извршени услуги за одржување/поправка на возилото и/или цена за набавка и монтажа на стока согласно техничката спецификација.

Доколку фактурата не ја содржи придружната документација, истата нема да се плати и ќе му биде вратена на носителот на набавката како некомплетна.

ДДВ при изготвувањето на фактурата посебно се искажува.

Вршителот на услугата е должен фактурата да ја достави во рок од 15 дена од денот на извршувањето на услугата за која се однесува истата.

**Начин на извршување на услугите**

**Член 5**

Услугите за поправка и одржување на возилата на Општина Кочани предмет на оваа набавка ги опфаќа следните услуги: вршење на автомеханичарски, автоелектричарски, автолимарски, автолакерски услуги и услуги за автодијагностиката, на начин и во согласност со условите и барањата дадени во техничката спецификација за ДЕЛ 2 од предметот на набавка.

Услугите ќе се вршат според потребите на договорниот орган, односно во случај на дефект на возилото.

Барањето за пристапување кон отстранување на дефект, односно поправка/сервис на возилото до носителот на набавката ќе се доставува лично во седиштето на носителот на набавката и/или преку е-пошта на носителот на набавката пријавена во понудата.

Носителот на набавката е должен да врши сервисирање на возилото на договорниот орган на пропишаниот начин за поправка (сервисирање) на возило од производителот на моторното возило. Вградените делови треба да бидат во согласност со македонските национални стандарди кои се во согласност со европските стандарди.

Вградените делови, по вградувањето/монтажата стануваат сопственост на договорниот орган. Заменетите делови се враќаат на договорниот орган заедно со работниот налог за извршената услуга.

Носителот на набавката ги поднесува (транспортните/патните) трошоците за носење на возилото од седиштето на договорниот орган до сервисот на носителот на набавката и обратно, што значи дека носителот на набавката е должен на свој трошок да го однесе возилото до својот сервис, да го поправи и исправно да го врати во седиштето на договорниот орган, без да засметува дополнителни трошоци во фактурата.
Кога возилото не е во движна состојба, носителот на набавката е должен на свој трошок и со свое возило да го шлепува дефектното возило до својот сервис, да го поправи и истото во функционална состојба да го врати во седиштето на договорниот орган, без дополнителни трошоци за договорниот орган.

**<u>Рок на извршување на услугите</u>**

**Член 6**

Во случај на дефект на возило, задолжено лице вработено при договорниот орган со барање до носителот на набавката ќе побара возилото да биде поправено во сервисот на носителот на набавката во определениот рок за секој вид на услуга и тоа:
**- во рок до 2 работни дена за автомеханичарски и автоелектричарски услуги;**
**- во рок до 5 работни дена за автолимарски и автолакерски услуги;**
**- во рок од 1 работен ден за услуги за автодиагностика,**
**- за деловите кои економскиот оператор ги нема на лагер се утврдува рок од 10 дена за набавка на истите.**

Роковите почнуваат да течат од наредниот ден од денот на приемот на барањето на договорниот орган за поправка на возило.

**<u>Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот</u>**

**Член 7**

Рокот за извршување на услугите утврден во чл.6 е задолжителен.
Во случај на непочитување на истите на носителот на набавката ќе му се засметува договорна казна за задоцнување и/или за неисполнување на обврките и тоа:

- Договорна казна во висина од 0.5% од вкупната вредност на договорот со вклучен ддв за секој ден задоцнување со исполнување на обврската за поправка на возилото согласно поднесено писмено барање за поправка од договорниот орган;
- Договорна казна во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со вклучен ддв за неисполнета обврска за поправка на возило согласно поднесено писмено барање за поправка од договорниот орган

**<u>Надзор над извршување на услугите</u>**

**Член 8**

Договорниот орган ќе определи лице вработено во Договорниот орган кое ќе врши пријава на дефекти и кое ќе врши надзор над извршувањето на договорените услуги од страна на Носителот на набавката.
Носителот на набавката е должен услугите предмет на овој Договор, да ги врши совесно и квалитетно, според описот и природата на услугите, постапувајќи според упатствата на производителот, лицето овластено за надзор над извршувањето на услугите и да ги спроведува непосредните барања на Договорниот орган во согласност со нормативите и стандардите за овој вид на услуга.

**Квалитативен и квантитативен прием**

**Член 9**

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавката врши Договорниот орган врз основа на овој Договор и налог за работа од овластените лица на договорните страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на извршените услуги.

Договорниот орган е должен да изврши преглед на извршената услуга штом тоа според редовниот тек на извршувањето е можно, и за утврдените неисправности или недостатоци освен во неработни денови веднаш без одлагање да го извести Носителот на набавката.

**Член 10**

Недостаток постои ако извршената услуга:

1) ги нема или не ги обезбедува потребните својства за нејзина редовна употреба;

2) ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната и

3) ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчено договорени.

Носителот на набавката не одговара за недостатоците од ставот (3) на овој член, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на Договорниот орган или не можеле да му останат непознати.

**Член 11**

Во известувањето за недостатокот на стоката/те договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката/те.

Ако известувањето за недостатокот кое договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, телеграма, е-пошта, факс или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

**Член 12**

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да бара извршување на друга услуга/и без недостаток (исполнување на договорот);

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, Носителот на набавката му одговара на Договорниот орган и за штетата што овој поради недостаток на услугата/те ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Член 13**

Носителот на набавката е одговорен за навремено, стручно, одговорно и квалитетно извршување на предметот на договорот.

Носителот на набавката изјавува дека е согласен по пристигнувањето на моторното возило на корисникот ќе пристапи веднаш кон дијагностицирање на проблемот и ова моторно возило има приоритет при поправката и сервисирањето.

**Обештетување**

**Член 14**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, договорниот орган има право да бара и надомест на штетата што ја претрпела поради тоа.

**Член 15**

Носителот на набавката се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можел да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнил со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можел да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 16**

Носителот на набавката е должен да го извести договорниот орган за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос и одговара за штетата што ќе ја претрпи договорниот орган поради тоа што не известил навреме

**Услови за прекинување или раскинување на договорот**

**Член 17**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 18**

Во случај на 2 (два) последователни повика за извршување на услугата/те Носителот на набавката истата не ја изврши, Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за извршување на обврската во дополнително оставен рок од 2 работни дена, да го раскине Договорот со проста изјава, во кој случај договорниот орган има право да бара надомест на штета, а Носителот на набаваката е должен да му ја надомести штетата.

**Член 19**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 20**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 21**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

**Виша сила**

**Член 22**

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила. Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договор.

**Завршни и општи одредби**

**Член 23**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Времетраење на договорот**

**Член 24**

Овој договор е со времетраење од **12 месеци** сметано од денот на склучување, или до потрошување на вредноста на договорот.

**Член 25**

За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 26**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе го решава надлежен суд.

**Член 27**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**Член 28**

Овој Договор е составен во 6 еднакви примероци, од кои 4 (четири) примероци за Договорниот орган и 2 (два) примероци за Носителот на набавката и стапува во сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

**Носител на набавката**
**Порше Македонија ДООЕЛ Скопје**
**Управители,**

**( Златко Муцунски )**

**( Кристоф Ерлмосер )**

**Договорен орган**
**Општина Кочани**
**Градоначалник,**

**( Николчо Илијев )**

Прилог на овој Договор е :
- Првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***
***Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков***
***Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева***

# Листа на цени за

**ДЕЛ 2. Поправка и сервисирање (одржување) од овластен сервисер за лесно патничко возило од марката: Volkswagen Passat од 2015 година, и набавка на нови делови, дополнителна опрема, гуми и други стоки за возилото.**

| 1. | Возило Volkswagen тип Passat 2015 год.<br>Број на возила: 1 возило | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вид на стока и друга дополнителна опрема за возилото | | | | |
| Ред.бр. | Опис на делот | Понудувачот да го напише каталошкиот број на стоката | Ед. мера | Количина | Единична цена без ддв за извршена услуга замена/ промена на стока од предложената листа на стоки со вклучена цена за набавка на новата стока |
| 1. | Филтер за масло | 03N115562 | бр. | 1 | 1.365,00 |
| 2. | Филтер за воздух | 5Q0129620B | бр. | 1 | 1.634,00 |
| 3. | Мот. Масло | CASE4EDGLL3 | Литар | 1 | 840,00 |
| 4. | Филтер за гориво | 5Q0127177 | бр. | 1 | 2.520,00 |
| 5. | Полен филтер | 5Q0819653 | бр. | 1 | 1.400,00 |
| 6. | Пр. плочки сет* | 5Q0698151F | бр. | 1 | 7.320,00 |
| 7. | Задни плочки сет* | 3Q0691451D | бр. | 1 | 5.313,00 |
| 8. | Греачи* | 059963319S | бр. | 1 | 1.831,00 |
| 9. | Предни дискови | 5Q0615301F | бр. | 1 | 6.076,00 |
| 10. | Задни дискови | 3Q0615601A | бр. | 1 | 5.394,00 |
| 11. | Метлици за брисачи сет* | 3G1998002 | бр. | 1 | 2.328,00 |
| 12. | Ребраст ремен | 04L109119D | бр. | 1 | 7.348,00 |
| 13. | Затегач за ремен | 04L109243G | бр. | 1 | 2.732,00 |
| 14. | Ролер | 03L109244D | бр. | 1 | 2.060,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Ролер | 03L109244G | бр. | 1 | 2.738,00 |
| 16. | Водна пумпа | 04L121011L | бр. | 1 | 9.347,00 |
| 17. | Штопна | N 90813202 | бр. | 1 | 167,00 |
| 18. | Акумулатор 12V 68Ah | 000915105CC | бр. | 1 | 15.150,00 |
| 19. | Гума надворешна Radial Tubeless P215/60 R16 95V DOT не постар од тековната година readwear 280 Traction A Temperature A MAX Press 350KPA (51 PSI) MAX Load 690kg (1521 lbs) | | бр. | 1 | 4.300,00 |
| 20. | Гума надворешна Radial Tubeless P215/60 R16 95V DOT не постар од тековната година readwear 280 Traction A Temperature A MAX Press 350KPA (51 PSI) MAX Load 690kg (1521 lbs) M+S или M/S | | бр. | 1 | 4.300,00 |
| 21. | Сајла за влечење | | парче | 1 | 250,00 |
| 22. | Кутија со прва помош | | парче | 1 | 1.860,00 |
| 23. | Тријаголник | | парче | 1 | 510,00 |
| 24. | Дигалка | | парче | 1 | 5.315,00 |
| 25. | ПП апарат | | парче | 1 | 1.310,00 |
| 26. | Патосница | | комплет | 1 | 3.930,00 |
| 27. | Ланци за снег | | комплет | 1 | 1.980,00 |
| 28. | Навлака за седишта | | комплет | 1 | 3.500,00 |
| 29. | Гарнитура алат | | сет | 1 | 3.000,00 |
| 30. | Клуч крстач | | парче | 1 | 1.241,00 |
| 31. | Средство за чистење шофершајбна со адитив за чистење без огреботини и флеки ароматизирано 5/1Л | | Парче мин.1/5л. | 1 | 153,00 |
| 32. | **Автоелектричарски услуги (работна рака)/ цена од 1 час** (се понудува единична цена без ДДВ за 1 работен час) | | | 1 | 800,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33. | **Автолакерски услуги (работна рака)/ цена од 1 час**<br><br>(се понудува единична цена без ДДВ за 1 работен час) | 1 | 800,00 |
| 34. | **Автолимарски услуги (работна рака)/ цена од 1 час**<br><br>(се понудува единична цена без ДДВ за 1 работен час) | 1 | 800,00 |
| 35. | **Автомеханичарски услуги (работна рака)/ цена од 1 час**<br><br>(се понудува единична цена без ДДВ за 1 работен час) | 1 | 800,00 |
| 36. | **Автодиагностика за лоцирање на дефект- цена од услуга**<br><br>(понудувачот понудува единична цена од услуга за оваа ставка, а не од работен час) | 1 | 2.500,00 |
| 37. | Редовен сервис со замена на филтри и моторно масло<br><br>(понудувачот понудува единична цена од услуга за оваа ставка, а не од работен час | 1 | 12.139,00 |

**Носител на набавката**
**Порше Македонија ДООЕЛ Скопје**
**Управители,**

**( Златко Муцунски )**

**( Кристоф Ерлмосер )**

**Договорен орган**
**Општина Кочани**
**Градоначалник,**

**( Николчо Илијев )**

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*